РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
Бр. 11-1118/2
20 ___ год.
09. 02. 2018
СКОПЈЕ

Врз основа на член 8 од Законот за општа управна постапка ("Сл. весник на РМ" бр. 124/15), министерот за животна средина и просторно планирање донесе:

**ЗАКЛУЧОК**
**ЗА ЗАВЗЕМЕН СТАВ ВО ОДНОС НА ПРИМЕНАТА НА УРЕДБАТА ЗА ДЕЈНОСТИТЕ И АКТИВНОСТИТЕ ЗА КОИ ЗАДОЛЖИТЕЛНО СЕ ИЗРАБОТУВА ЕЛАБОРАТ ЗА ЧИЕ ОДОБРУВАЊЕ Е НАДЛЕЖЕН ОРГАНОТ ЗА ВРЖЕЊЕ НА СТРУЧНИ РАБОТИ ОД ОБЛАСТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА (СЛ. ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА БР.80/2009 И 36/2012)**

Во врска со ИПАРД 2 Програмата 2014-2020 година е потребно да се приложи Решение за одобрување на Елаборат за заштита на животната средина за дејноста/активноста сточарство, која согласно Уредбата за дејностите и активностите за кои задолжително се изработува елаборат, а за чие одобрување е надлежен органот за вржење на стручни работи од областа на животната средина ("Сл. Весник на Република Македонија" бр.80/2009 и 36/2012) точка 1. Земјоделство, шумарство и водостопансво, подточка 6, Инсталации за интензивно сточартсво

Во Уредбата не се дефинирани инсталации за интензивно сточарство со одреден капацитет/карактеристики на сточарските фарми.

Имајќи во предвид дека нема јасна касификација за интензивно сточарство, а со цел искористување на средставата по ИПАРД 2 Програмата, во постапките за доставените барањата за одобрување на елаборат за дејноста/активноста сточарство пред МЖСПП ќе се постапувапо следниот критериум:

1. Елаборат за заштита на животната средина за дејноста/активноста сточарство, немаат обврска да изработуваат земјоделските стопанства за интензивно одгледување на животни кои по стопанство имаат десет и помалку од 10 грла телиња и говеда, одгледани на годишно ниво; и
2. Земјоделските стопанства за интензивно одгледување на животни кои нема да имаат обврска да изработат Елаборат за заштита на животната средина се задолжуваат да се грижат за животната средина, односно
   - да нема испуштање на создадените отпадни води во реципиент;
   -Редовно да се собира ѓубето од измет заедно со урината и истата да се користи како ѓубриво за сопствени потреби или да го предава на лица кои имаат потреба од тоа;

<u>Заклучокот се објавува на веб страната на МЖСПП</u>

МИНИСТЕР
Sadulla Duraki

Изготвил: Влатко Цветаноски
Контролирал: Дејана Тодоровска
Александар Петковски
Согласен: Билјана Петкоска
Одобрил:в.д.Директор на Управа за животна средина
Билјана Зефиќ